**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-159/7**

**Скопје, 10.07.2009 година**

**До**
**Основен суд Крушево**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Крушево - сметка за приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Суд) за 2008 година кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Кочо Ивановски - Претседател на Основен суд Крушево од 18.12.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 11.05.2009 година до 12.05.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Неправилна примена на акти*

***10.1.1.*** Основниот суд и покрај воспоставената евиденција на изречените и наплатени парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист, нема изработено Преглед на изречените и наплатените парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист, како прилог кон завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот Деловник. Ваквата состојба придонесува намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:** Одговорниот сметководител, кон завршната сметка да приложува Преглед на изречените и наплатените парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист, изработен во координација со лицата задолжени за евиденција на изречените и наплатени парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

***10.2.1.*** Со ревизија на водењето на деловните книги за 2008 година констатирано е дека одредени состојбите искажани во Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи не се усогласени со состојбите искажани во аналитичката евиденција, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, а е резултат на нецелосна контрола при изготвување на годишната сметка. Ваквата состојба може да доведе до нереални и необјективни финансиски извештаи.

**Препорака**: Одговорниот сметководител да врши усогласување на аналитичката евиденција со главната книга и финансиските извештаи.

***10.2.2.*** При ревизијата на документацијата за одземени предмети, предмети употребени или наменети за извршување на кривично дело или што настанале со извршување на кривично дело или се добиени како награда за кривично дело, кои ќе послужат како доказ во кривичната постапка, или се пронајдени кај обвинетиот и не се знае на кого припаѓаат (сомнителни предмети), како и гаранциите во Судот, констатирано е следното:

- воспоставена е евиденција за одземени предмети во кривични и прекршочни постапки во соодветни Уписници, но не е извршен попис на одземените предмети, што не е во согласност со одредбите од Судскиот деловник за начинот на евидентирање, примање, чување, ракување на одземени предмети. Поради неизвршен попис на одземените предмети, ревизијата не изразува мислење за комплетноста на истите.
- одземените предмети кои поради својот обем или особености не се погодни за чување во Судот, се чуваат во Шумско стопанство Крушево и Шумско стопанство Демир Хисар, без надомест. Овие предмети Судот не ги евидентира во Дневник на неготовински депозити кои се чуваат кај други органи (Образец СД бр.143), нема извршено попис, ниту има изготвено Записник за предавање на предметите кај друг орган, што не е во согласност со одредбите од Судскиот деловник. Поради невоспоставена евиденција и неизвршен попис, отежнато е утврдувањето на податоците за точниот број, видот и вредноста на одземени предмети дадени на чување кај друг орган.
  Со Известување број 07-4762/1 од 16.07.2007 година од Министерство за правда, основните судови се известуваат преземањето и чувањето на патничките моторни возила и други одземени предмети (движни ствари) да се врши во Казнено поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес. Основен суд Крушево не постапил по ова известување и не извршил пренос на предметите на новата локација, поради трошоците кои би настанале за пренос на истите.
- при продажба на одземените предмети не се формира Комисија за продажба на предмети, што не е во согласност со Законот за извршување на санкции и Закон за извршување. Воспоствaената пракса продажбата да ја врши судија за извршување на санкции, придонесува истата да се врши спротивно на позитивната законска регулатива.

**Препорака**: Да се изврши евидентирање и примопредавање на одземените предмети согласно законската регулатива.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, наодите од Претходниот извештај на Основен суд Крушево – сметка за редовно работење од точките 10.1.1, 10.1.3, 10.1.4 и 10.5.1 (алинеи од 1 до 5) се исти и во овој извештај.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1 и 10.2 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Крушево – сметка за приходи наплатени од органи под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 10.1 до 10.2 кај Основен суд Крушево – сметка за приходи наплатени од органи е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

14. **Системски слабости**:

14.1. Со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Сл.весник 98/2008 од 04.08.2008 година), предвидено е управувањето со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, складирањето, проценката, евиденцијата и други работи поврзани со одземен имот да се врши од страна на Агенцијата за управување со одземен имот, надлежности кои ги вршеа основните судови во Републиката. Со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка се предвидува одредбите од други закони и подзаконските акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, да се усогласат со одредбите од овој закон заклучно со 31 декември 2008 година. До моментот на вршење ревизија, не беше извршено усогласување на законската и подзаконската регулатива, иако утврдениот рок за усогласување, е поминат.

Скопје, 09.07.2009 година **Овластен Државен Ревизор**

**Основен суд Крушево**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 210 | 429 |
| Трансфери и донации | 0 | 13 |
| **Вкупно приходи** | **210** | **442** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 125 | 317 |
| **Вкупно тековни расходи** | **125** | **317** |
| **Вкупно расходи** | **125** | **317** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*
*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

**Основен суд Крушево**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 85 | 125 |
| Побарувања од вработените | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **85** | **125** |
| **Вкупна актива** | **85** | **125** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 0 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 85 | 125 |
| **Вкупно тековни обврски** | **85** | **125** |
| **Вкупна пасива** | **85** | **125** |